Врз основа на член 141 став 2 и 3 од Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/96), министерот за правда донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ПОЛАГАЊЕ НА НОТАРСКИ ИСПИТ

Член 1

Со овој правилник се уредува содржината, изведувањето и организацијата на нотарскиот испит.

Член 2

Нотарскиот испит се полага усно и писмено.

Усниот дел на испитот се полага од следните предмети:

– нотарска служба, организација и делокруг на нотаријатот, составување, заверување и легализација на исправите во односите со меѓународен елемент;

– парична постапка, извршна постапка, вонпарнична постапка, наследно право, семејно право, стварно право;

– кривично право во деловите: основни одредби, кривично дело и кривична одговорност, казни, застареност, кривични дела против работните односи, против честа и угледот, против имотот, против јавните финансии, платниот промет и стопанството, против службената должност, против правосудството и против правниот сообраќај, трговските друштва во делот на надлежноста на нотарите, претпријатијата и евиденција на правата на недвижности.

Писмениот дел на испитот се состои во составување на нотарска исправа.

Член 3

Пријавата за полагање на нотарскиот испит се поднесува до Министерството за правда.

Со пријавата се приложуваат доказите во смисла на член 141 став 1 од Законот за вршење на нотарски работи.

Министерството за правда проверува дали пријавениот кандидат ги исполнува условите.

Член 4

Нотарскиот испит се полага пред испитна комисија која ја именува министерот за правда за време од три години од редот на истакнати правници.

Испитната комисија за полагање на нотарскиот испит ја сочинуваат претседател и двајца членови, кои имаат свои заменици.

Со решението за изменување на Комисијата, се определува по кои предмети претседателот и членовите на Комисијата и нивните заменици ќе испитуваат и со истото решение се определува и секретар на Комисијата, кој е од вработените во Министерството за правда и кој е ангажиран во врска со нотаријатската служба.

Административните, техничките и сметководствените работи за испитната комисија ги врши Министерството за правда.

Член 5

Времето на полагањето на писмениот и усниот дел на нотарскиот испит го определува претседателот на испитната комисија имајќи го предвид ангажирањето на кандидатите во работното време и оддалеченоста од каде што доаѓаат.

Кандидатите кои што имаат намера да го полагаат испитот мораат најдоцна 10 дена да се пријават пред денот на полагањето на испитот.

Член 6

Нотарскиот испит се изведува во Министерството за правда, а ако има повеќе кандидати од едно подрачје, тој може да се изведува и во седиштата на апелационите судови на државата, но не надвор од судските згради.

Член 7

Пред почетокот на писмениот дел на нотарскиот испит, секретарот на испитната комисија го утврдува идентитетот на кандидатите кои полагаат.

Секретарот на Комисијата им врачува на секој од кандидатите поодделно писмена задача и ги запознава со прописите во врска со полагањето на писмениот дел на испитот и им дава потребни објаснувања.

На писмениот дел на испитот, можат да присуствуваат само Комисијата и секретарот на Комисијата.

За време на полагање на писмениот дел на испитот, не е дозволено меѓусебно договарање по писмените задачи со другите кандидати, ниту напуштање на просторијата во која се изведува писмениот испит.

За време на полагање на испитот, кандидатите можат да се служат со текстови на прописи кои им ги обезбедува секретарот на Комисијата.

Член 8

Писмениот дел на испитот може да трае најдолго 4 часа.

Кандидатот кој во определеното време не ја изработи писмената задача, истата ја предава на комисијата во состојба до која дошол.

Кандидатот кој ја завршил писмената задача може да ја предаде во секое време, пред истекот на определеното време.

Член 9

Пред да се премине на усниот дел, членовите на Испитната комисија ги прегледуваат писмените задачи и ги оценуваат со оценка "положил" или "не положил".

Кандидатот кој што не го положил писмениот дел не може да го полага усниот дел од испитот.

Член 10

Усниот дел на испитот се полага по правило истиот или наредниот ден, а најдоцна во рок од 8 дена, од денот на писмениот дел од испитот.

На усниот испит редоследот на испитувањето го утврдува претседателот на Испитната комисија.

Испитувањето на кандидатот може да трае најмногу 3 часа.

Усниот дел на испитот е јавен.

Ако претседателот на Испитната комисија утврди дека некое лице од присутните го нарушува редот и дисциплината, тој може тоа лице да го отстрани од испитот.

Член 11

Кандидатот кој е оценет со оценка "не положил" по два предмети, претседателот на Испитната комисија ќе го извести за тоа.

Кандидатот кој не положил два предмети од усниот дел на испитот, се смета дека не го положил испитот.

Член 12

Кандидатот кој нема да дојде да го полага испитот или дојде, а не полага, се смета дека испитот не го полагал.

Кандидатот пред да започне испитот, може да го одложи испитот.

Кандидатот кој ја примил писмената задача или прашањата од усниот дел од испитот и се откаже од полагање, се смета дека не го положил испитот.

Член 13

Полагањето на започнатиот испит може да се одложи поради болест, несреќа, смртен случај во семејството или други оправдани причини за кои кандидатот е должен во рок од 3 дена до Комисијата да достави писмени докази.

Молбата за продолжување на испитот може да се поднесе во рок од 10 дена од кога кандидатот полагал дел од испитот, а од особено оправдани причини, молбата за продолжу-вање на испитот може да се поднесе во рок од 3 месеци.

За продолжување на полагање на испитот, одлучува Испитната комисија.

Приговорот против одлуката на Испитната комисија со која се одбива молбата за продолжување на испитот, се поднесува до министерот за правда.

По одобреното продолжување на испитот, кандидатот продолжува да го полага испитот.

Член 14

За време на испитот секретарот на Испитната комисија води записник за секој кандидат поодделно.

Во записникот се запишуваат датумот и местото на полагањето, личните податоци на кандидатот, составот на Испитната комисија, времето на пишувањето на задачата и времето на предавањето на задачата.

Записникот го потпишува претседателот, членовите и секретарот на Комисијата.

Член 15

Успехот на испитот се оценува според резултатите кои кандидатот ги покажал на писмениот и усниот дел со оценка "положил" или "не положил". Ако кандидатот на испитот покажал одличен успех на писмениот и усниот дел од сите предмети, се оценува со оценка "положил со одличен".

Оценката од испитот на кандидатите им се соопштува веднаш, а ако тоа не е можно најкасно во рок од 3 дена од завршувањето на испитот.

Член 16

Кандидатот кој на испитот не покажал задоволителни резултати по еден предмет, може да полага поправен испит само по тој предмет. Рокот за полагање на поправниот испит не може да биде пократок од 1 месец, ниту подолг од 3 месеци.

Кандидатот кој во рокот определен од став 1 на овој член, не се пријави за поправен испит или на поправниот испит не покаже задоволителни резултати, се смета дека испитот не го положил.

Член 17

Кандидатот кој не го положил испитот, може повторно да го полага.

Уверението за положен нотарски испит се издава најдоцна во рок од 1 месец од денот на полагањето на нотарскиот испит на образец бр. 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 18

Кандидатот кој не го положил испитот, може повторно да го полага. Уверението за положен нотарски испит се издава најдоцна во рок од 1 месец од денот на полагањето на нотарскиот испит на образец бр. 1 кој е составен дел на овој правилник.

Уверението за положен испит на членовите на првата Испитна комисија се издава на образец бр. 2 кој е составен дел на овој правилник, веднаш по формирањето на Комисијата од страна на министерот.

После положениот нотарски испит, се издава и потврда за положен испит.

Во Министерството за правда се води евиденција на кандидатите кои го положиле испитот за нотари во книга за нотарски испит на образецот бр. 3.

Податоците внесени во книгата ги заверува претседателот и секретарот на Испитната комисија.

Член 19

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-565/5
23 декември 1996 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Владо Поповски,** с.р.

Образец бр.1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за правда
Испитна комисија за полагање на нотарски испит

Врз основа на член 141 од Законот за вршење на нотарски работи ("Службен весник на РМ" бр.59/96) и член 18 од Правилникот за полагање на нотарски испит ("Службен весник на РМ" бр.________), издава

У В Е Р Е Н И Е

за положен нотарски испит

На_____________________________________________,
роден на ______________ во ________________, општина ____________
држава ___________________________________________, дипломиран правник од ________________ на ден ________________ пред Испитната комисија за нотарски испит при Министерството за правда на Република Македонија, нотарскиот испит го положи.

Ова Уверение е ослободено од плаќање на административни такси согласно со член _____ точка _____ од Законот за административни такси ("Службен весник на РМ" бр.________).

СЕКРЕТАР
______________________

ИСПИТНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Образец бр.2

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Министерство за правда

Врз основа на член 141 од Законот за вршење на нотарски работи ("Службен весник на РМ" бр.59/96), издавам

## У В Е Р Е Н И Е

за положен нотарски испит

На________________________________________________________,
роден на ______________ во ________________, општина ______________
држава ______________________________________________, како член на правата испитна комисија за полагање на нотарски испит, им признавам нотарски испит, за што издавам Уверение за положен нотарски испит.

Ова Уверение е ослободено од плаќање на административни такси согласно со член _____ точка _____ од Законот за административни такси ("Службен весник на РМ" бр.______).

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
д-р Владо Поповски

Образец бр. 3

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОЛОЖЕН НОТАРСКИ ИСПИТ

Димензии (210·297 мм)

1

| Ред. бр. | Презиме, татково име и име | Роден, датум и место,рег.бр. на л.к. и ЕМБГ | Кога дипломирал на Правен факултет | Кога полагал и кои испитни прашања | Положил испит | Положил кога и со која оценка | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |